# ЗАПИСНИК
## од 2. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2025 година (петок)

Втората седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 14 ноември 2025 година (петок), со почеток во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановскии, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Стоименовска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На 2. вонредна седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 2. вонредна седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.
Претседателот Христо Саракинов повика да се образложи итноста за свикување вонредна седница.
Раководителот на финансии Мирјана Ѓоргиевска даде образложение во однос на тоа дека е потребно да се донесе одлука за ребаланс на буџет во законски предвиден рок а тоа 15 ноември 2025 година.Ѓоргиевска посочи дека изборниот процес влијаел на времнскиот рок на носење на ребаланс на буџет на вонредна седница.
Претседателот ја стави на гласање итноста за свикување на 2. Вонредна седница

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен предлогот.**

ДНЕВЕН РЕД

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 годинар
3. Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година
4. План на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година

Претседателот на Советот помина на расправа по точките од усвоениот дневен ред.

**1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

Претседателот го повика раководителот на сектор Патрик Поповски да даде образложување по првата точка

Патрик поповски посочи дека се работи за измена во насока на додавање средства за наградување на учесници во училишните спортски игри во делот на професори и судии кои учествуваат.За таа цел Патрик посочи дека е потребно да се додадат финансиски средства во висина од 230 000 денари и да се пренасочат финансиски средства од други ставки на програмата со цел да се реализираат во потполност училишни спортски игри.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Советот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2025 година**

**2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и ги повика службите да дадат појаснување за измената.

Од службите посочија дека се потребни финансиски средства во делот на програмата каде што се доделуваат финансии во точка 3 од програмата која гласи еднократно давање парични средства за лекување на лица во социјален ризик, каде се потребни средства во висина од 2000.000 денари со цел да се одговори на поднесните барања.

Се разви дискусија и се даде мислење и предлози по точката од страна на следните советници Горан Михајлов, Добрила Андоновска, Владимир Бислимовски,Адријана Јакимовски Панчевска и Александар Петровски се со цел да се излезе во пресрет на граѓаните на Општина Карпош кои се во лош здравствен и социјален ризик.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоена Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2025 година**

**3. Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка и повика службите да дадат појаснување.
Од службите беше детално образложено по однос на приходната и расходната страна на самиот буџет како и предвидените измени  кои се предлагаат се со цел ОПштината да работи во интерес на граѓаните на Општина Карпош.
За збор се јави Градоначалникот со предлог средтвата во висина од 2000000 денари наменети за патувања и репрезентација како и за одбележување на годишнината од постоење на Општината да се пренасочат кон покривање долгови на комунални услуги кои ги имаат училиштата и градинките на територија на Општина Карпош.

Се разви дискусија помеѓу советничката Добрила Андоновска и Градоначалникот Сотир Лукровски околу средствата наменети за одбележување на 49 годишнината од постоење на Општина Карпош како и дел од активностите кои требало да се спроведат се со цел достојно одбележување целиот настан.Заклучокот од целата дискусија е дека поради изборниот процес и задоцнето верификување на мандати кратко е времето за организирање на настанот и истиот наредната година како јубилејен настан би се одржал на високо ниво.

За збор се јави Татјана Стојановска и во однос на ребаланс на буџет и ги побара од службите следните информации цитирам:

1. Молам за спецификација, список на легализирани објекти во периодот во 2025 од 01.01.2025 до последниот ребаланс, каде се појавуваат многу повеќе уплатени средства за легализација на дивоградби од предвидените.

2. Молам за поединечни финансиски извештаи за основните училишта за периодот заклучно со третиот квартал, специфично ја интересираат приходите од самофинансирање одделно по училиште

3. Молам за список на сите отворени извршни и судски решенија по кои се задолжува општината за плаќање

Се разви дискусија околу самиот ребаланс и одредени ставки во истиот помеѓу совениците Славко Митевски, Добрила Андоновска и раководителот на сектор Мирјана Ѓоргиевска со цел да се појаснат одредени приходи и расходи од истиот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гхласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоена Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Карпош за 2025 година**

**4. План на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Се поставија прашања по одредени точки од развојната програма од страна на советниците Татјана Чакулев и Горан мијалков како и одредени забелешки кон истата.

Од страна на службите беше одговорено соодветно  на сите прашања но и образложено по дадените забелешки, истата мора да се донесе бидејќи во голем дел се опфатени проекти кои треба да се реализираат со средства доделени од влада на Република С. Македонија.

За збор се јави советничката Татјана Стојановска со одредени прашања и забелешки во однос на предвидени проекти од точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоен Планот на програми за развој на Општина Карпош за 2026 година**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 2. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 15:40 часот.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-10845/4**
**Датум: 02.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**